# ИЗВЕШТАЈ

# за 2020 година
# за резултатите од спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 - 2022 година

септември 2021. Скопје




Проектот
е финансиран
од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ
ЕПИ
АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ







# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ГОДИНА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР 2017 - 2022 ГОДИНА

ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ГОДИНА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО
НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР 2017 - 2022 ГОДИНА

Издавачи:
Институт за европска политика - Скопје
Асоцијација за развојни иницијативи - Зенит, Скопје

Уредници:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Автори:
м-р Ива Цоневска Вангелова
Златка Стамболиска - Поповска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн и печатење:
Релатив

септември 2021, Скопје

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Партнерство Јустиција - враќање на довербата на граѓаните", финансиран од Европската Унија преку Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии во Република Северна Македонија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА




МЕТОДОЛОГИЈА 7

ПРЕГЛЕД НА ИНДИКАТОРИТЕ ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ОБЛАСТИ 9

1. КВАЛИТЕТ 10
2. ЕФИКАСНОСТ 19
3. ТРАНСПАРЕНТНОСТ 23
4. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ 25
5. ПРАВОСУДНИ ИНСТИТУЦИИ 27
6. КАЗНЕНО-ПРАВНА ОБЛАСТ 28
7. ПРЕКРШОЧНО-ПРАВНА ОБЛАСТ 33
8. ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОБЛАСТ 34

# СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| CEPEJ | Европска комисија за ефикасност на правдата |
| АКМИС | Автоматизиран информационен систем за управување со судски предмети |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЈО | Јавни обвинители |
| СЈО | Совет на јавни обвинители |
| СС | Судски совет |



# МЕТОДОЛОГИЈА

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудството 2017-2022 (Стратегијата) содржи показатели што треба да го утврдат степенот до кој мерките од Стратегијата се спроведуваат успешно. Сепак, овие показатели се претежно ориентирани кон мониторинг на продуктите од предвидените активности и посветуваат малку внимание на исходите (outcomes) и влијанието (impact) врз Стратегијата. Освен тоа, показателите во голема мера се фокусираат на работата на правосудните институции, без доволно да се земе предвид влијанието што го има Стратегијата врз граѓаните.

Овој извештај од следењето на Стратегијата го следи планот за мониторинг на спроведувањето и евалуација на резултатите од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година, што содржи индикатори ориентирани кон граѓаните и нивната интеракција со правосудството, за стратешките цели, насоки, мерки и активности од Стратегијата. Со воведувањето показатели за мониторинг и оценување на спроведувањето на Стратегијата, ориентирани кон граѓаните, проектот „Партнерство Јустиција: Враќање на довербата на граѓаните“ има цел да го промовира владеењето на правото и да поттикне поголем фокус кон човековите права во правосудните институции. Показателите ги мерат резултатите од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 низ призмата на човековите права и ефектите врз граѓаните, наспроти целокупното работење на секторот.

Во овој извештај се опфатени следните стратешки цели на Стратегијата: квалитет, ефикасност, транспарентност, стратешко планирање и креирање политики, правосудни институции, казнено-правна област, прекршочно-правна област и граѓанско-правна област. Притоа, индикаторите не ги опфаќаат следните стратешки цели на Стратегијата: независност и непристрасност,[1] одговорност, пристап до правда (со исклучок на нотаријат, извршување и медијација), Судски совет, Совет на обвинители, управно-правна област.

1 Со исклучок на стратешката насока „Самостоен и одржлив судски буџет, конзистентен на законската определба од бруто националниот доход“.

Дел од показателите (индикаторите) наведени во долната табела се на ниво на стратешка цел или стратешка насока од Стратегијата, а другите се на ниво на мерка или активност во Стратегијата. При развојот на нацрт-планот земени се предвид и следниве референтни пристапи кон мерење на резултатите во правосудството:

- EU Justice Sector Scoreboard 2019.
- The United Nations Rule of Law Indicators.
- CEPEJ Evaluation of judicial systems.
- Методологијата за судска статистика од 2011 година.
- Матрицата за мониторинг на перформансите на правосудството.
- Методологија за мониторинг и евалуација на јавните политики.

Извештајот е изготвен врз основа на:

- прва анкета со 415 граѓани кои се спорат, 41 судија и 73 судски службеници од пет основни суда[2] како и 94 адвокати и 29 јавни обвинители,[3]
- втора анкета со 333 граѓани кои се спорат, 33 судии и 83 судски службеници од пет основни суда,[4] како и 98 адвокати и 19 јавни обвинители,[5]
- анкета со медијатори, на која одговорија 22 медијатори,[6]
- анкета со медијатори, на која одговорија 21 медијатор,[7]
- барања за пристап до информации од јавен карактер,
- објавени извештаи на правосудните институции,
- објавени извештаи на граѓанските организации.

Во овој извештај собраните податоци се однесуваат на 2020 година, а во дел од индикаторите е направена споредба и со состојбите во 2019 година, што се прикажани во претходниот Извештај за следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) за 2019 година.

Нацрт-извештајот беше презентиран на дијалог за политики „Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година – До каде сме и што понатаму?“. Дополнително, пристапот на следење беше предмет на консултации со Министерството за правда.

2 Основниот кривичен суд во Скопје, Основниот граѓански суд во Скопје, Основниот суд во Битола, Основниот суд во Гостивар и Основниот суд во Штип.

3 Првата анкета беше спроведена во периодот од декември 2019 до февруари 2020 година.

4 Основниот кривичен суд во Скопје, Основниот граѓански суд во Скопје, Основниот суд во Битола, Основниот суд во Гостивар и Основниот суд во Штип.

5 Втората анкета беше спроведена во периодот од декември 2020 до април 2021 година.

6 Анкетата беше спроведена во февруари 2020 година.

7 Анкетата беше спроведена во април-мај 2021 година.



# ПРЕГЛЕД НА ИНДИКАТОРИТЕ ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ОБЛАСТИ

# 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: КВАЛИТЕТ

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **1.1 СТРАТЕШКА НАСОКА: УЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКТИКА** (НАСОКА 2.2.1 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 1.1.1 Перцепција за компетентност на судиите | Прва анкета – 96%[8] од испитаните судии би ја оцениле стручноста и компетентноста на своите колеги судии како добра или многу добра (4 и 5, на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисока оценка).<br>Втора анкета – 91% од испитаните судии би ја оцениле стручноста и компетентноста на своите колеги судии како добра или многу добра (4 и 5, на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисока оценка). | Прва и втора анкета со судии |
| | 1.1.2 Перцепција за компетентност на обвинителите | Прва анкета – 91% од судиите би ја оцениле како добра или многу добра (4 и 5, на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисока оценка).[9]<br>Втора анкета – 80% од судиите би ја оцениле како добра или многу добра (4 и 5, на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисока оценка). | Прва и втора анкета со судии |
| | 1.1.3 Перцепција за примена на стандарди за подобрување на квалитетот на судските одлуки | Прва анкета (судии) – 4,1 (на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисока оценка).[10]<br>Прва анкета (адвокати и јавни обвинители) – 2,9 (на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисока оценка).[11]<br>Втора анкета (судии) – 5 (на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисока оценка).[12]<br>Втора анкета (адвокати и јавни обвинители) – 3,75 (на скала од 1 до 5, каде што 5 е највисока оценка).[13] | Прва и втора анкета со судии, адвокати и јавни обвинители[14] |

10 Оценката се однесува на следните шест стандарди: следење на практиката на Европскиот суд за човекови права (најчест одговор, во 37% од случаите, е дека делумно се применува), постоење на интерни механизми во судството за процена на општиот квалитет на пресудите (најчест одговор, во 53% од случаите, е дека делумно се применува), обука за судиите за структура на одлуки, за стилот на образложението на одлуките и за пишување пресуди (во 37% од случаите е дека делумно постои, додека 46% дека постои), концизност на судските одлуки (најчест одговор, во 51% од случаите, е дека се почитува), почитување на однапред утврдени елементи што треба да ги содржи образложението или структурата на одлуката (најчест одговор, во 76% од случаите, е дека се почитуваат), употреба на јасен и едноставен јазик во одлуките (најчест одговор, во 66% од случаите, е дека се применува).

11 Оценката се однесува на следните шест стандарди: следење на практиката на Европскиот суд за човекови права (најчест одговор, во 33% од случаите, е дека не се почитува), постоење на интерни механизми во судството за процена на општиот квалитет на пресудите (најчест одговор, во 31% од случаите, е дека делумно се почитува), обука за судиите за структура на одлуки, за стилот на образложението на одлуките и за пишување пресуди (најчест одговор, во 38% од случаите, е дека делумно постои), концизност на судските одлуки (најчест одговор, во 49% од случаите, е дека делумно), почитување на однапред утврдени елементи што треба да ги содржи образложението или структурата на одлуката (најчест одговор, во 57% од случаите, е дека се почитуваат), употреба на јасен и едноставен јазик во одлуките (најчест одговор, во 68,8% од случаите, е дека се почитува).

12 Оценката се однесува на следните шест стандарди: следење на практиката на Европскиот суд за човекови права (најчест одговор, во 50% од случаите, е дека се почитува), постоење на интерни механизми во судството за процена на општиот квалитет на пресудите (најчест одговор, во 53,3% од случаите, е дека се почитува), обука за судиите за структура на одлуки, за стилот на образложението на одлуките и за пишување пресуди (најчест одговор, во 59,4% од случаите, е дека постои), концизност на судските одлуки (најчест одговор, во 71,9% од случаите, е дека се почитува), почитување на однапред утврдени елементи што треба да ги содржи образложението или структурата на одлуката (најчест одговор, во 57% од случаите, е дека се почитуваат), употреба на јасен и едноставен јазик во одлуките (најчест одговор, во 48% од случаите, е дека се почитува).

13 Оценката се однесува на следните шест стандарди: следење на практиката на Европскиот суд за човекови права (најчест одговор, во 46,6 % од случаите, е дека делумно се почитува), постоење на интерни механизми во судството за процена на општиот квалитет на пресудите (најчест одговор, во 35,2% од случаите, е дека делумно се почитува), обука за судиите за структура на одлуки, за стилот на образложението на одлуките и за пишување пресуди (најчест одговор, во 43% од случаите, е дека постои), концизност на судските одлуки (најчест одговор, во 49% од случаите, е дека делумно), почитување на однапред утврдени елементи што треба да ги содржи образложението или структурата на одлуката (најчест одговор, во 52% од случаите, е дека се почитуваат), употреба на јасен и едноставен јазик во одлуките (најчест одговор, во 64 % од случаите, е дека се почитува).

14 За секој од шесте стандарди анкетираните имаа можност да одговорат дека стандардот се применува, делумно се применува или не се применува. Од овие три можни одговори, земен е предвид оној за кој судиите, адвокатите и јавните обвинители најчесто се изјасниле. За да се дојде до збирна оценка, за секој стандард каде што најчестиот одговор биле дека се почитува е доделен 1 бод, ако најчест одговор е дека делумно се почитува доделен е половина бод, а ако најчест одговор е дека не се почитува не се доделени бодови за тој стандард. Бодовите за различните стандарди се собрани, збирот е поделен со 6 (максималната збирна оценка ако се применети сите стандарди), па количникот е помножен со 5 за да се добие оценка на скала од 1 до 5.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **1.1 СТРАТЕШКА НАСОКА: УЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКТИКА** (НАСОКА 2.2.1 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| | 1.1.4 Број на донесени мислења од страна на Врховниот суд за судската практика | Во 2019 година, донесени и објавени на интернет-страницата се две начелни правни мислења, четири правни мислења и заклучоци и девет сентенции. Во 2019 година, Врховниот суд нема донесено и објавено начелни ставови.<br><br>Во 2020 година, донесени и објавени на интернет-страницата се едно начелно правно мислење, четири правни мислења и заклучоци и шест сентенции. Во текот на 2020 година не се донесени начелни ставови. | Годишен извештај на Врховниот суд за година[15] и одговор од Врховниот суд на РСМ по барањето за слободен пристап до информации |
| ИНДИКАТОРИ ЗА МЕРКА/АКТИВНОСТ | 1.1.5 Процент на судии кои учествуваат во континуирана обука за различни видови вештини | На обуки поврзани со управување и раководење со суд, како и етика во 2019 година учествувале 117 судии, односно претседатели на судови, што е 23% од просечниот број судии за 2019 година (512 судии).<br><br>На обуки поврзани со управување и раководење со суд, како и етика во 2020 година учествувале 158 судии, што е 31% од бројот на судии заклучно со декември 2019 година (506 судии). | Одговор од АСЈО на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и годишен извештај на Судскиот совет за 2019 година[16] |
| | 1.1.6 Удел на обуки што ја вклучуваат судската практика на ЕСЧП или одлуки и препораки на телата за човекови права на ОН | Во 2019 година, 10% или 23 од вкупно 222 развиени обуки се обуки што ја вклучуваат судската практика на ЕСЧП.<br><br>Во 2020 година, 16% или 21 од вкупно 120 обуки реализирани обуки се обуки за судската практика на ЕСЧП.[17] | Одговор од АСЈО на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| | 1.1.7 Процент на слушатели на континуирана обука (судии, обвинители) кои поминале обука за судската практика на ЕСЧП | Во 2019 година, од вкупно просечен број судии и јавни обвинители 703 за 2019 година, 46% поминале обука за судската практика на ЕСЧП. Од нив, 286 се судии и 40 јавни обвинители.<br><br>Во 2020 година, процентот останува ист, односно 46% од судиите и јавните обвинители поминале обука за судската практика на ЕСЧП. Од нив, 241 се судии и 80 јавни обвинители | Одговор од АСЈО на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер[18] |
| | 1.1.8 Процент од вкупниот број судии кои учествуваат во континуирана обука за правото на ЕУ | Во 2019 година, 45% од вкупниот просечен број судии (или вкупно 232 од 512) учествувале во континуирана обука за правото на ЕУ.<br><br>Во 2020 година, само 11% (или вкупно 58 судии од 506 судии) учествувале во континуирана обука за правото на ЕУ, а одржани се шест обуки за правото на ЕУ. | Одговор на АСЈО на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и извештај за работата на Судскиот совет за 2019 година[19] |

15 Годишниот извештај за 2019 година е достапен на shorturl.at/guA23.
16 Податоците земени од годишниот извештај на Судскиот совет за 2019 година се во однос на просечниот број судии, што во 2019 година изнесува 512. Според извештајот, на почетокот на 2019 година имало 518 судии, додека на 31 декември 2019 година имало 506 судии. Податоците за бројот на судии во 2020 година се земени од последниот објавен извештај на Судскиот совет за 2019 година, како податок е земена бројката на судии заклучно со крајот на годината.
17 Предвид се земени само обуките што се посветени директно на Европската конвенција за човекови права. Но, и другите обуки што ги реализира АСЈО, а кои не се однесуваат директно на Конвенцијата, судската практика на ЕСЧП редовно се разгледува.
18 Податоците од извештаите на Судскиот совет за 2019 година, Совет на ЈО за 2018 година се во однос на бројот на судии и јавни обвинители.
19 Од Извештајот на Судскиот совет податоци се извадени во однос на просечниот број судии за 2019 година, додека за 2020 година е земена бројката на судии заклучно со крајот на декември 2019 година.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **1.1 СТРАТЕШКА НАСОКА: УЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКТИКА** (НАСОКА 2.2.1 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| ИНДИКАТОР ЗА МЕРКА/АКТИВНОСТ | 1.1.9 Удел на обуки во кои е опфатена анализа на објавените судски одлуки што се фокусира на случаи поврзани со човекови права | Во 2019 година, 14% или 32 од вкупно 222 развиени обуки се обуки во кои е опфатена анализа на објавените судски одлуки што се фокусира на случаи поврзани со човекови права.<br>Во 2020 година, 6%[20] од вкупно 130 обуки се обуки во кои е опфатена анализа на објавените судски одлуки што се фокусира на случаи поврзани со човекови права.<br>Сепак, и во дел од преостанатите обуки што ги организира Академијата често предмет на анализа е и судската практика и судските пресуди на ЕСЧП.[21] | Одговор на АСЈО на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| | 1.1.10 Број на одржани средби помеѓу судиите од различни апелациски подрачја и Врховниот суд (за судската практика) | Во 2019 година, апелациските судови и Врховниот суд имаат одржано три работни средби за уедначување на судската практика.<br>Во 2020 година не се одржани средби помеѓу судиите од различните апелациски судови и Врховниот суд за уедначување на судската практика. | Одговор од Врховниот суд на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| | 1.1.11 Број на одржани седници на Врховниот суд за судската практика | Во 2019 година се одржани седум седници на Врховниот суд за судската практика.<br>Во 2020 година се одржани три седници на Врховниот суд за судската практик | Одговор од Врховниот суд на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |

КВАЛИТЕТ

20 Согласно годишниот извештај на Академијата за судии и јавни обвинители за 2018 година, достапен на: https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/godisen-izvestaj-za-2018_en-1.pdf#page=12&zoom=100,80,741.
21 Согласно одговорот доставен од Академијата за судии и јавни обвинители.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **1.2. СТРАТЕШКА НАСОКА: РЕВИДИРАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ** (НАСОКА 2.2.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА МЕРКА/АКТИВНОСТ | 1.2.1 Објективни и транспарентни критериуми за избор на судиите, засновани на принцип на заслуги, а имајќи ги предвид квалификациите, интегритетот, способноста и ефикасноста, и целосно почитувајќи ги принципите на родова еднаквост и правична застапеност | Во однос на законските критериуми за избор на судии, како што е нотирано и во „Извештајот од следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) за 2019 година“[22] постои суштинско подобрување со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите,[23] што беше позитивно оценет и од Венецијанската комисија[24] и со кој се имплементираат препораките дадени во двата извештаи од експертската група предводена од Прибе,[25] каде што е наведено дека Академијата за судии и јавни обвинители треба да остане единствена точка за влез во судството и јавното обвинителство.<br><br>Во однос на принципот на соодветна и правична застапеност, тој се почитува уште при селекцијата на кандидатите за прием во почетната обука во Академијата и е загарантиран со Законот за судовите.[26] Исто така, при определувањето на оптималниот број судии и судии-поротници во државата, Судскиот совет треба да го применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство.[27] Соодветната и правична застапеност во изборот на судии и претседатели на судови е загарантирана и со член 50 од Законот за Судскиот совет.[28]<br><br>Гаранции за квалитетот на избраните судии во основните судови е и почетната обука што ја поминуваат кандидатите во Академијата за судии и јавни обвинители.[29] Со предлог-законот за Академијата за судии и јавни обвинители, што во јули 2019 година беше усвоен од Владата, се редефинираше начинот на полагање на приемниот и завршниот испит врз основа на мерила и објективни критериуми за процена на знаењата на кандидатите. Меѓутоа, овој закон не беше усвоен од претходниот парламентарен состав. Новиот предлог-закон се работеше од комисија формирана во Министерството за правда во 2020 година.[30] | Анализа на законските одредби во светлината на мислењата на Венецијанската комисија и извештаите од експертската група предводена од Прибе, детално нотирани во Извештајот од следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) за 2019 година |



22 Детално за наводите во овој дел, види во претходниот извештај достапен на: https://epi.org.mk/post/15799.
23 „Службен весник“, бр. 96/2019, Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите.
24 Richard Barrett and others, ‘Opinion on the Law Amending the Law on the Judicial Council and on the Law Amending the Law on Courts, Adopted by the Venice Commission at Its 116th Plenary Session’ (Venice Commission 2018) Opinion No. 927 / 2018 <https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2018)022-e>.
25 Senior Experts’ Group, ‘The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts’ Group on Systemic Rule of Law Issues Relating to the Communications Interception Revealed in Spring 2015’ (2015) <https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf>; Senior Experts’ Group, ‘The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Assessment and Recommendations of the Senior Experts’ Group on Systemic Rule of Law Issues 2017’ (2017) <https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf>.
26 Член 43 од Законот за судовите.
27 Согласно член 44 од Законот за судовите, „Службен весник“, бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник“, бр. 96/2019.
28 „Службен весник“, бр. 102/2019, Закон за Судскиот совет.
29 Овој дел е нотиран и во претходниот извештај, https://epi.org.mk/post/15799.
30 Новиот предлог-закон за Академијата за судии и јавни обвинители е во собраниска процедура од август 2021 година, https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=543628f3-2109-4bd5-8b99-22d543901888.

| Индикатор | | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **1.2. СТРАТЕШКА НАСОКА: РЕВИДИРАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ** (НАСОКА 2.2.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА МЕРКА/АКТИВНОСТ | 1.2.2 Објективни и транспарентни критериуми за унапредување на судиите (избор во повисок суд, избор на претседател на суд), засновани на принцип на заслуги, а имајќи ги предвид квалификациите, интегритетот, способноста и ефикасноста, и целосно почитувајќи ги принципите на родова еднаквост и правична застапеност | Како што е наведено и во претходниот извештај,[31] посебните услови (законски) за избор на судија и претседател се наведени во член 46 и 47 од измените на Законот за судовите[32] беа позитивно оценети од Венецијанската комисија.<br>Во сите случаи на унапредување на судиите потребно е кандидатот да биде оценет со позитивна оцена, согласно Законот за Судскиот совет, со што му се остава право на избор на Судскиот совет. Согласно новиот Закон за Судскиот совет,[33] судиите и претседателите на судовите можат да бидат редовно и вонредно оценувани.[34]<br>Иако новиот Закон за Судскиот совет, уште во нацрт-верзија, доби позитивно мислење од Венецијанската комисија,[35] сепак во мислењето е наведено дека „тежина на различните параметри земени предвид при процената на перформансите треба да се одржува под постојана ревизија. Во оваа насока, Судскиот совет почна со подготовка на методологија со индикатори на сложеноста на предмети и посебен правилник за евалуација, односно оценување на судиите, кои сè уште не се донесени од Советот. Оценувањето на судиите е еден од клучните параметри за унапредување. Иако критериумите за оценување и постапката доби позитивно мислење од Венецијанската комисија и при подготовка на новиот Закон за Судскиот совет беа консултирани релевантните чинители, од последната спроведена анкета постојат различни ставови во однос на критериумите и постапката за оценување. Имено, критериумите и постапката за оценување на судиите е оценета како непроменета, и тоа од страна на 50% од судиите, 41,2% од адвокатите и 42,4% од јавните обвинители. 8,3% од судиите сметаат дека многу се влошени критериумите.<br>Клучно во однос на враќањето на довербата на граѓаните во делот на избор и унапредување на судиите е и образложувањето на одлуките на Судскиот совет за (не)изборот на судиите. Институтот за европска политика испрати барање за слободен пристап до Врховниот суд, со цел да се утврди колку се користи механизмот за жалби до Советот за жалби при Врховниот суд од кандидатите кои не се избрани за судии, односно претседатели на судови согласно член 49[36] и член 51[37] од Законот за Судскиот совет.[38] Имено, во 2020 година[39] по првпат избрани или унапредени во друг суд се вкупно десет судии, додека избрани се осум претседатели на судови, не земајќи ги предвид определените в.д. претседатели во 2020 година. Од добиените податоци по барањето за слободен пристап од Врховниот суд во 2020 година, поднесени се три жалби до Советот за жалби при Врховниот суд согласно член 49 од Законот за Судскиот совет од кандидати кои не се избрани за судии. Советот за жалби во сите жалби донел одлуки со кои жалбите се одбиени, а решението на Судскиот совет потврдено. Согласно овој член, во 2019 година е поднесена само една жалба и по оваа жалба Советот за жалби донел одлука со која ја одбива жалбата и го потврдува решението на Судскиот совет. Ниту во 2019 година, ниту во 2020 година не се поднесени жалби до Советот за жалби при Врховниот суд од судии кои не се избрани за претседатели на судови согласно член 51 од Законот за Судскиот совет. | Анализа на законските одредби во светлината на мислењата на Венецијанската комисија и извештаите од експертската група предводена од Прибе, нотирани во Извештајот од следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) за 2019 година<br>Анкета за 2020 година со судии, адвокати и јавни обвинители<br>Одговор по барањата за слободен пристап од врховниот суд на РСМ |

31 Детално за наводите во овој дел, види во претходниот извештај достапен на: https://epi.org.mk/post/15799.
32 „Службен весник", бр. 96/2019; Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите (n 8).
33 „Службен весник", бр. 102/2019, Закон за Судскиот совет.
34 Овој дел е нотиран и во претходниот извештај, https://epi.org.mk/post/15799.
35 Mr Richard Barrett, Mr Philip Dimitrov and Ciril Ribičič, 'Opinion on the Draft Law on the Judicial Council, Adopted by the Venice Commission at Its 118th Plenary Session' (Venice Commission 2019) Opinion No. 947 / 2019 <https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2019)008-e>.
36 Во член 49 став 4 и 5 е наведено „4) Советот е должен писмено да го извести секој кандидат за одлуката за избор на судија. (5) Кандидатот кој не е избран за судија има право на жалба во рок од осум дена од приемот на известувањето до Советот за жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија, на начин и постапка уредени со овој закон".
37 Во член 51 став 4 и 5 е наведено „(4) Советот е должен писмено да го извести секој кандидат за одлуката за избор на претседател на суд. (5) Кандидатот кој не е избран за претседател на суд има право на жалба во рок од осум дена од приемот на известувањето до Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија".
38 Службен весник", бр. 102/2019, Закон за Судскиот совет.
39 Податоците се земени од мониторингот на официјалната страница на Судскиот совет на РСМ.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **1.3 СТРАТЕШКА НАСОКА: ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА ПРОБАЦИЈА И ДРУГИ АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ** (НАСОКА 2.2.9 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 1.3.1 Промена во употребата на пробација или други алтернативни мерки | Пробациската служба активно почна со работа во 2019 година, а во текот на годината имало 165 пробациски предмети. Најголем дел се за надзор на условно отпуштени осудени лица од издржување на казната затвор (111 предмети), 43 предмети се за надзор на осудени лица на условна осуда со заштитен надзор, за надзор над извршувањето на општокорисна работа има еден предмет, а десет предмети се по барање на судот за примена на инструментот за процена на ризик и подготовка на пробациски извештај со предлог на најсоодветна санкција за време на судската постапка.<br>Во текот на 2020 година има зголемување на бројот на пробациски предмети, односно вкупно 276 предмети. Од нив, како најголем дел се однесуваат на алтернативната мерка условен отпуст (178 предмети), потоа има 48 алтернативни мерки условна осуда со заштитен надзор, 28 алтернативни мерки општокорисна работа и 22 предмети за процена на ризик. | Одговор од Управата за извршување санкции на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **1.4. СТРАТЕШКА НАСОКА: СЛЕДЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И КВАЛИТЕТОТ НА НОТАРИЈАТОТ** (НАСОКА 2.6.4.3 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР)[40] | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКА НАСОКА | 1.4.1 Број на предлози за дисциплинска постапка против нотари поднесени до Нотарската комора и број на донесени дисциплински мерки | Во 2019 година, до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора се поднесени 15 предлози за дисциплинска постапка против нотари (12 поднесени од министерот за правда врз основа на извршени надзори и три поднесени од претседателот на Нотарската комора). Дисциплинскиот совет на Нотарската комора разгледал вкупно 13 предлози за поведување на дисциплинска постапка поднесени во 2019 година (десет поднесени од министерот за правда и три од претседателот на Нотарската комора), при што ги донел следните дисциплински мерки – пет парични казни и пет јавни опомени. За еден предмет констатирана е застареност, а за еден предмет нотарот е ослободен од одговорност.<br>Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2019 година постапувал и по пет предлози за поведување на дисциплинска постапка од претходната 2018 година (четири предлози поднесени од министерот за правда и еден поднесен од претседателот на Нотарската комора), при што донесени се дисциплински мерки – две јавни опомени. За еден предмет констатирана е застареност и за два предмета нотарот е ослободен од одговорност.<br>Во 2020 година, Министерството за правда до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора има поднесено четири предлози за дисциплинска постапка против четири нотари и донесени се следните одлуки:<br>– Три одлуки со кои се изрекува дисциплинска мерка – парична казна;<br>– Една одлука со која се изрекува дисциплинска мерка – јавна опомена. | Информација за примената на Законот на нотаријат за 2019 година, Министерство за правда; Одговор по барање пристап до информации доставен од Министерството за правда |

КВАЛИТЕТ

40 Оваа стратешка насока е дел од стратешката цел „Пристап до правда“ на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план. Поради поврзаност со концептот на квалитет, имплементаторите на проектот одлучија да ја следат и оваа стратешка насока.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **1.5 СТРАТЕШКА НАСОКА: КОНТИНУИРАНО СЛЕДЕЊЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД ИЗВРШУВАЊЕТО И НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО** (НАСОКА 2.6.3.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР)[41] | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКА НАСОКА | 1.5.1 Стапка на реализација на извршни исправи | 44,55% во 2020 година, што е исто ниво како и во 2019 година. | Годишен извештај за работењето на извршителите во 2019 година, Министерство за правда одговор на барање за слободен пристап до информации |
| | 1.5.2 Број на предлози за дисциплинска постапка против извршители поднесени до Комората на извршители и број на донесени дисциплински мерки | Во 2019 година Дисциплинската комисија на Комората на извршители поведе постапка против тројца извршители, кои ги огласи за виновни и им изрече дисциплински мерки: јавна опомена, парични казни и трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител (во еден случај).<br>Министерството за правда во 2020 година има поднесено три предлози за поведување на дисциплинска постапка до Дисциплинската комисија при Комората на извршители против тројца извршители и донесени се следните одлуки:<br>– Една одлука со која се изрекува дисциплинска мерка – парична казна;<br>– Една одлука со која се одбива предлогот и се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршителот;<br>– Еден предмет е префрлен за одлучување во 2021 година. | Објавени дисциплински одлуки на веб-сајтот на Министерството за правда; Министерство за правда, одговор на барање за слободен пристап до информации |

41 Оваа стратешка насока е дел од стратешката цел „Пристап до правда" на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план. Поради поврзаност со концептот на квалитет, имплементаторите на проектот одлучија да ја следат и оваа стратешка насока

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **1.6. СТРАТЕШКА НАСОКА: ЗАЧЕСТЕНА УПОТРЕБА НА МЕДИЈАЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈАВНИТЕ ОРГАНИ** (НАСОКА 2.6.5.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР)[42] | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 1.6.1 Број на предмети упатени на медијација од страна на јавните органи | Постои зголемување на бројот на предмети што медијаторите одговориле дека им ги упатиле јавните органи во 2020 година (133 предмети), во споредба со 2019 година (89 предмети). | Анкета со медијатори за 2019 и 2020 година. Првата анкета беше спроведена електронски во февруари 2020 година. На анкетата одговорија 22 медијатори. Анкетата беше спроведена од Институтот за европска политика<br>Втората анкета беше спроведена во април-мај 2021 година и одговорена од 21 медијатор |
| | 1.6.2 Број на предмети упатени на медијација од страна на јавните органи | Постои зголемување на бројот на решени предмети во 2020 година (128 предмети), за разлика од 2019 година (58 предмети). | Анкета со медијатори за 2019 и 2020 година. Првата анкета беше спроведена електронски во февруари 2020 година. На анкетата одговорија 22 медијатори. Анкетата беше спроведена од Институтот за европска политика<br>Втората анкета беше спроведена во април-мај 2021 година и одговорена од 21 медијатор |



42 Оваа стратешка насока е дел од стратешката цел „Пристап до правда“ на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план. Поради поврзаност со концептот на квалитет, имплементаторите на проектот одлучија да ја следат и оваа стратешка насока.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **1.7. СТРАТЕШКА НАСОКА: СТИМУЛИРАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ** (НАСОКА 2.6.5.3 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР)[43] | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 1.7.1 Број на предмети упатени на медијација согласно Законот за правда на децата | Во 2019 година нема предмети упатени на медијација согласно Законот за правда на децата. Во 2020 година има четири предмети упатени на медијација. | Анкета со медијатори за 2019 и 2020 година. Првата анкета беше спроведена електронски во февруари 2020 година. На анкетата одговорија 22 медијатори. Анкетата беше спроведена од Институтот за европска политика<br>Втората анкета беше спроведена во април-мај 2021 година и одговорена од 21 медијатор |
| | 1.7.2 Број на решени предмети со медијација согласно Законот за правда на децата | Во 2019 година нема ниту упатени, ниту решени предмети. | Анкета со медијатори за 2019 и 2020 година. Првата анкета беше спроведена електронски во февруари 2020 година. На анкетата одговорија 22 медијатори. Анкетата беше спроведена од Институтот за европска политика<br>Втората анкета беше спроведена во април-мај 2021 година и одговорена од 21 медијатор |
| | 1.7.3 Број на предмети упатени на медијација согласно Законот за заштита на потрошувачите | Постои намалување на бројот на предмети што медијаторите одговориле дека се упатени на медијација согласно Законот за заштита на потрошувачите во 2020 година (четири предмети) во споредба со 2019 година (девет предмети). | Анкета со медијатори за 2019 и 2020 година. Првата анкета беше спроведена електронски во февруари 2020 година. На анкетата одговорија 22 медијатори. Анкетата беше спроведена од Институтот за европска политика<br>Втората анкета беше спроведена во април-мај 2021 година и одговорена од 21 медијатор |
| | 1.7.4 Број на решени предмети со медијација согласно Законот за заштита на потрошувачите | Ист е бројот на предмети што медијаторите одговориле дека се решени согласно Законот за заштита на потрошувачите во 2019 година (три предмети) со 2020 година (три предмети). | Анкета со медијатори за 2019 и 2020 година. Првата анкета беше спроведена електронски во февруари 2020 година. На анкетата одговорија 22 медијатори. Анкетата беше спроведена од Институтот за европска политика<br>Втората анкета беше спроведена во април-мај 2021 година и одговорена од 21 медијатор |
| | 1.7.5 Стапка на успешност на стопански и работни спорови, решени по пат на медијација | Во 2019 година, во регистарот што го води Министерството за правда се регистрирани 87 медијации во трговски спорови, додека 16 од споровите завршиле со спогодба.<br>Во 2020 година има значителен пораст на бројот на поведени трговски спорови во постапка за медијација, односно 189 медијации, од кои 37 завршиле со спогодба.<br>За разлика од 2019 година, каде што нема ниту еден предмет за медијација во работните спорови регистриран во Регистарот што го води Министерството за правда, во 2020 година по оваа основа се регистрирани 126 медијации, од кои 89 завршиле со спогодба. | Одговор по барањето за пристап до информации од Министерството за правда |

43 Оваа стратешка насока е дел од стратешката цел „Пристап до правда" на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план. Поради поврзаност со концептот на квалитет, имплементаторите на проектот одлучија да ја следат и оваа стратешка насока.

# 2. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: ЕФИКАСНОСТ

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **2.1. СТРАТЕШКА НАСОКА: СЛЕДЕЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА СУДСТВОТО ПРЕКУ ИНДИКАТОРИТЕ УТВРДЕНИ ВО EU JUSTICE SCOREBOARD (ЛИСТА НА РЕЗУЛТАТИ), СЕПЕЈ И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ** (НАСОКА 2.4.1 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 2.1.1 Примена на Методологијата за судска статистика со СЕПЕЈ стандарди | Активноста подразбира анализа на потребата и надградба на софтверот за судска статистика, имплементација на системот и подготовка на анализи и генерирање извештаи согласно со индикаторите од Методологијата за судска статистика.<br><br>Методологијата дефинира 11 индикатори за анализа и мониторинг на судски достигнувања, што судовите се обврзани да ги собираат, обработуваат и објавуваат – а сепак, не се случува ова. Дополнително, Методологијата предвидува дека научните и истражувачките институции би имале директен пристап до обработените статистички податоци и анализи, што исто така сѐ уште не е имплементирано. | Анализа на редовните извештаи на судовите и Судскиот совет |

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **2.2. СТРАТЕШКА НАСОКА: ДОСЛЕДНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАРИТЕ ПРЕДМЕТИ И СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ** (НАСОКА 2.4.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 2.2.1 Број на нерешени предмети | Според Акцискиот план во рамките на Стратегијата се предвидува формирање на функционални работни тела што ја следат состојбата со старите и нерешени предмети и изготвуваат предлог-план за надминување на застојот на предметите, преку спроведување на мерката за редовно доставување на месечни извештаи до ССРМ од страна на претседателите на судовите за старите и нерешени предмети, што треба да резултира со намален број на стари и нерешени предмети за 10% на годишно ниво од 2019 година.<br>На крајот на 2019 година има 97.091 нерешен предмет, што е зголемување за 5.483 предмети во однос на 2018 година.<br>На крајот на 2020 година бројот на нерешени предмети изнесува 99.594, што претставува заостаток за 2.503 предмети во однос на 2019 година. | Извештај на ССРМ за 2018, 2019 и 2020 година |

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **2.2. СТРАТЕШКА НАСОКА: ДОСЛЕДНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАРИТЕ ПРЕДМЕТИ И СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ** (НАСОКА 2.4.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 2.2.2 Стапка на решавање предмети во првата инстанца | Според Извештајот на ССРСМ за 2018 година, стапката на решени предмети во 2018 година изнесувала 101,2%, во 2019 година стапката изнесувала 98,95%, додека во 2020 година стапката изнесува 99,44%, што се должи пред сè на пандемијата со вирусот КОВИД-19, и покрај сите преземени мерки и активности за намалување на заостатокот на предмети во судовите. Стапката се пресметува како однос на решените случаи во одредениот временски период/ новите случаи во временскиот период *100. | Извештај на ССРСМ за 2019 и 2020 година |
| | 2.2.3 Потребно време за решавање на заостатокот на предмети во првата инстанца | За пресметка на овој индикатор се употребува формулата 365/Стапка на обем на предмети. (Број на решени случаи/Број на нерешени предмети на крај на временски период, согласно Европската комисија за ефикасност на правдата, 2018 година.) Индикаторите по години се: 65,41 во 2018 г., 68,35 во 2019 г. и 80,57 во 2020 година. | |
| | 2.2.4 Број на стари предмети | Број на стари предмети – на крајот на 2019 година бројот изнесува 2.852, што е намалување од 27% во однос на 2018 година, кога бројот бил 3.921. На крајот на 2020 година бројот на стари предмети изнесува 2.708, односно намалување од 5% во однос на 2019 година. | Извештај на Судскиот совет за 2019 и 2020 година |
| | 2.2.5 Број на предмети во кои е утврдена повреда на принципот за судење во разумен рок | Од 2018 до 2020 година постојано се намалува бројот на предмети кај Врховниот суд по основа на барања за заштита на правото на судење во разумен рок, како и бројот на предмети во кои е утврдена повреда на принципот на судење во разумен рок. Во 2020 година, повреда е утврдена во 144 предмети, во 2019 г. во 165, а во 2018 година во 191 предмет. | Извештај на Врховниот суд за 2018, 2019 и 2020 година |
| | **Индикатор** | **Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци** | **Извор** |
| | **2.3. СТРАТЕШКА НАСОКА: УСОГЛАСУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА СУДИИ СО ЕВРОПСКИОТ ПРОСЕК ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ** (НАСОКА 2.4.3 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 2.3.1 Трошковна ефикасност при решавање на предметите | Според Акцискиот план во рамките на Стратегијата се предвидува мерката оптимизација на бројот на судиите со бројот на предметите во судовите, согласно со европските стандарди преку природен одлив на судиите (со пензионирање). Во однос на активностите се предвидува анализа на состојбата заради усогласување со европските стандарди, како и донесување одлуки за потребен број судии по судови, согласно со бројот на предметите во секој суд и согласно со европските критериуми.<br>Во текот на 2020 година изработена е Стратегија за човечки ресурси за судската мрежа,[44] со дефинирани активности за периодот 2021-2026 година, со цел за зајакнување и подобрување на веќе воспоставената правна, финансиска и институционална правна рамка и ефикасно искористување на расположливите човечки ресурси. | Стратегија за човечки ресурси за судската мрежа |
| | 2.3.2 Стапка на продуктивност во решавањето на предметите | Рангирањето на апелациските судови според показател за стапка на продуктивност – (просечно решени предмети по судија), добиен како податок во рамките на Извештајот на Судскиот совет за 2019 година, укажува на тоа дека во 2019 година 16 основни судови бележат зголемување, а 11 намалување на стапката на продуктивност. | Завршни сметки за 2019 година; Извештај на Судскиот совет за 2019 година |

44 Стратегија за човечки ресурси на судската мрежа, септември 2020, http://www.vsrm.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **2.4. СТРАТЕШКА НАСОКА: ПОДОБРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СУДСКАТА И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКАТА СЛУЖБА** (НАСОКА 2.4.4 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| **ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА** | 2.4.1 Перцепција за односот, професионалноста и стручноста на судската служба | Според Акцискиот план во рамките на Стратегијата се предвидува мерката Усогласување на Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба со Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни службеници, со што би се постигнал унифициран систем на судска и јавнообвинителска служба со системот на вработени во јавна и административна служба.<br>Според анкетата на граѓаните, стручноста и компетентноста на стручните судски соработници судиите најчесто ја оценувале со оценка многу добра (33,3%) и во двете анкети. Таа оценка најчесто ја давале и анкетираните адвокати и јавни обвинители. Од анкетираните граѓани кои биле учесници во некој спор, 29% одговориле дека не се случило или дека ретко се случило одолжувањето на судските постапки да биде резултат на грешки на персоналот на судот. | Анкета на граѓани-учесници во судски постапки, судии, адвокати и јавни обвинители во 2020 и 2021 година |
| | **Индикатор** | **Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци** | **Извор** |
| | **2.5. СТРАТЕШКА НАСОКА: ЦЕЛОСНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ВЕБ-ПОРТАЛОТ WWW.SUD.MK** (НАСОКА 2.4.5 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| **ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА** | 2.5.1 Процент (удел) на објавени судски пресуди на порталот | Според Акцискиот план во рамките на Стратегијата се предвидува мерката редовно ажурирање на судската база на податоци, што треба да резултира со зголемена посетеност на порталот.<br>Судовите или не даваат податоци за бројот на објавени пресуди или водат евиденција за објавени пресуди во текот на неколку години, а не во текот на една година. Пребарувањето и наоѓањето на конкретна одлука е отежнато, бидејќи е невозможно одлуките да се пребаруваат по клучни зборови.[45] Судовите немаат објава на сите пресуди во текот на една година, а некои воопшто не објавуваат судски пресуди. Основниот кривичен суд, на интернет-страницата на судот во текот на 2020 година, со помош на волонтери, анонимизираше и објави вкупно 1.814 анонимизирани одлуки.[46] | Годишен извештај за работата на Основниот кривичен суд Скопје во текот на 2020 година, портал www.sud.mk |
| | 2.5.2 Примена на стандарди за онлајн-објавување на судските пресуди | Мнозинството од испитаниците (88% во 2020 и 89% во 2021 година) сметаат дека онлајн-објавувањето на судските одлуки е од висока важност. Во врска со задоволството од онлајн-објавувањето, 25% и во двете анкети не се многу задоволни, а 64% во 2020 г., односно 69% во 2021 година се делумно или најзадоволни од тоа. | Прва и втора анкета на граѓани-учесници во судски постапки, судии, адвокати и јавни обвинители |



45 Функционална анализа на ССРСМ, 2020 година.
46 Годишен извештај за работата на Основниот кривичен суд – Скопје за 2020 година.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **2.5. СТРАТЕШКА НАСОКА: ЦЕЛОСНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ВЕБ-ПОРТАЛОТ WWW.SUD.MK** (НАСОКА 2.4.5 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| **ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА** | 2.5.3 Достапност на онлајн-информации за јавноста за правосудниот систем | Достапни се следниве видови таргетирани информации:<br>а) онлајн-формулари за јавноста и компаниите – на sud.mk се објавени формулари – барања и уплатници за различни документи што ги издава судот (уверенија, потврди и сл.);<br>б) информации наменети за лица со оштетен вид или слух – порталот sud.mk не е приспособен за овие лица, а сепак дава информации за одговорни овластени лица за Спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на корисен пристап до информации во судот;<br>в) информации наменети за лица кои не го зборуваат службениот јазик – порталот sud.mk е достапен и во рудиментарна англиска верзија.<br>Не се достапни следниве видови таргетирани информации:<br>а) образование за правата на граѓаните во правосудниот систем преку интерактивни алатки;<br>б) компјутерски терминали во судовите со интернет-пристап достапни за граѓаните;<br>в) интерактивна онлајн-симулација за да се процени квалификуваноста за правна помош – не е достапно; на веб-сајтот на Министерството за правда има објавено информација за тоа кои услови треба да ги исполни барателот на бесплатна правна помош, но со застарени параметри;<br>г) информации наменети за деца – на сајтовите на некои судови единствено можат да се најдат контакт-податоци за адвокати кои се специјализирани за Законот за правда за децата. | Интернет-сајт на судови, анкета на граѓани |
| | 2.5.4 Број на посетители на веб-порталот | | |
| | 2.5.5 Број на судски одлуки објавени на порталот www.sud.mk | Во врска со онлајн-објавувањето на судските одлуки, 18% во 2020 и 16% во 2021 година од судиите се незадоволни, додека 75% во 2020 и 54% во 2021 година се задоволни од начинот на кој се врши објавувањето. Во поглед на прашањето „Што недостига при пребарувањето“, дадени се следните забелешки: да се унапреди дизајнот на порталот, не постои можност за пребарување, не се ставени сите судски одлуки, недостигаат алатки за пребарување по разни основи, податоци за предмет, број и тешко се пребарува по број.<br>Со оглед на природата на вонредната состојба и задолжителните безбедносни мерки, сите судови во земјата во согласност со својата надлежност постапуваа на нејавна седница и без одржување расправи. Постапувањето по предмети што не се итни се одржуваа само доколку се исполнети условите за заштита по здравјето на судиите, судската служба, странките и другите учесници во постапката, притоа почитувајќи ги мерките за дистанцирање и носење на заштитна опрема. Заради настанатите околности, значајно е да се истакне дека Судскиот совет во својата одлука поттикнува користење на електронска комуникација и достава помеѓу судовите и странките како најсоодветен метод на работа во настанатата ситуација (доколку постојат технички услови), а предвидена е и можноста за извршување на определени работи од дома. | Прва и втора анкета на граѓани-учесници во судски постапки, судии, адвокати и јавни обвинители |

# 3. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **3.1. СТРАТЕШКА НАСОКА: СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО ССРМ И СЈОРМ** (НАСОКА 2.5.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| **ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА** | 3.1.1 Видови системи за мониторинг и евалуација на судските активностити | Постојат следните видови системи:<br>а) Годишни извештаи за работата на судовите; Врховниот суд и апелациските судови редовни објавуваат вакви извештаи. Од 27 основни судови, само единаесет објавиле годишен извештај за работата, единаесет објавиле годишна статистика за предметите, а пет не објавиле никаков извештај за работата. Тоа е подобрување на состојбата во споредба со 2019 година, кога годишни извештаи објавиле осум основни судови, седум објавиле само годишна статистика за предметите, пет не објавиле никаков извештај за работата, а другите само месечна статистика.<br>б) Индикатори за резултати и квалитет; постои Методологија за судска статистика, но извештаите на судовите и Судскиот совет не содржат податоци за вредноста на индикаторите предвидени со методологијата (со исклучок на индикаторот за вкупен заостаток на предмети). Во извештаите се застапени следниве параметри и индикатори: број на примени предмети, решени предмети, нерешени предмети, стари предмети, предмети или нивна категоризација според староста, број на одложени предмети, статус на човечки ресурси, информатичка технологија. Не се застапени други битни показатели, на пример: стапка на решавање, време потребно за решавање на заостатокот на предмети, просечна старост на решените или на нерешените рочишта. Иако методологијата декларира дека ќе овозможи добивање на споредливи информации и за квалитетот, сепак впечаток е дека квалитетот се согледува претежно низ призма на траењето на постапките, како и споредбите за отстапките на времетраењето од законските рокови за траење на постапките.<br>в) ИТ-систем за управување со предмети. Софтверот АКМИС е инсталиран во сите судови и со него се врши евиденција, распределба и следење на движењето на судските предмети во работата.<br>г) ИТ-систем за генерирање статистика за судските активности. Постои софтвер за судска статистика, што е инсталиран во Судскиот совет, за чијашто функционалност е потребно целосно и точно внесување податоци во АКМИС. Анкетираните одговориле дека информативниот судски систем (АКМИС) има или делумно има пет вида податоци, но различните ставови на испитаниците по ова прашање може да се должат на различната запознаеност на судските службеници со податоците што ги собира системот, разлики меѓу службениците во однос на параметрите што во практиката редовно ги внесуваат во него, како и разлики во квалитетот на внесувањето меѓу одделните службеници.<br>д) Специјализиран судски персонал за мониторинг и евалуација.<br>ѓ) Анкети спроведени меѓу судските корисници и правните професионалци. | Анализа на sud.mk и Методологијата за судска статистика, анкета на судски службеници за 2020 и 2021 година, годишни извештаи за работа на судовите за 2019 и 2020 година |

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **3.2. СТРАТЕШКА НАСОКА: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА** (НАСОКА 2.5.3 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 3.2.1 Стандарди за давање информации за случаите на странките | Околу 43% од испитаните граѓани се задоволни од дадената информација од страна на судот за датум, време и број на сала за судење по предметот, а околу 16% се незадоволни и 18% не се ниту задоволни ниту незадоволни. | Втора анкета на граѓани-учесници во судски постапки |
| | 3.2.2 Отвореност на постапките за јавноста и капацитет на судниците за сместување на јавноста и медиумите | Охрабрувачки е што судовите дури и кога согласно законските одредби носат решенија за исклучувањето на јавноста од судските постапки, најчесто дозволуваат присуство на стручната јавност, вклучително и набљудувачите на постапките. Сепак, во октомври 2020 г. забележани се случаи на нерестриктивно исклучување на јавноста и стручната јавност од судските рочишта, врз основа на Протокол за спроведување мерки за заштита од КОВИД-19 во судовите, а со образложение дека нема доволно простор за да се обезбеди соодветна физичка дистанца помеѓу лицата. Коалицијата „Сите за правично судење“ реагираше дека Здружението на судии, што го изготвило Протоколот, нема надлежност да носи обврзувачки акти за сите судови во земјата, а мерките во Протоколот оставаат широк простор судиите да ја ограничат, па дури и целосно да ја отстранат јавноста од постапките, спротивно на законските, уставните и меѓународните одредби што се однесуваат на правото на фер судење. | Мониторинг брифови – правосудство: актуелни |
| ИНДИКАТОРИ ЗА МЕРКА/АКТИВНОСТ | 3.2.3 Достапност на обуки за вработени во судовите за различни видови комуникација | Во 2019 година, 62% од вкупниот број претседатели на судови (21 од 34) учествувале на специјализирана обука за односи со јавноста (специјализирана обука за претседатели на судови), а 3% (14) од преостанатите судии учествувале на обука за односи со јавноста. Во текот на 2020 година членовите на Судскиот совет и стручната служба ги зајакнаа капацитетите за односи со јавност преку обуките за ефективна комуникација со јавност во рамките на програмата за зголемување на транспарентноста, отчетноста и ефективноста на Советот спроведувана од Институтот за човекови права. Во текот на 2020 година реализирани се и други проекти за поддршка на процесот на комуникација со јавноста за потребите на Советот. | Одговор од АСЈО на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2019 година и годишен извештај на Судскиот совет за 2019 година и 2020 година |
| | 3.2.4 Број на објавени периодични извештаи за категоризирани расходи на судовите | Објавени се следните годишни извештаи: 1) Годишниот извештај на Судскиот совет и за 2019 и за 2020 година содржи поглавје посветено на расходите на судската власт, категоризирани на: плати и надоместоци, стоки и услуги, трансфери и капитални расходи; 2) Приказ на расходите по овие категории е даден и во Извештајот за реализацијата на судскиот буџет за 2019 и 2020 година, но во него е претставен и преглед на расходите по буџетски програми, како и по буџетски ставки и потставки. | Годишен извештај на Судскиот совет за 2019 година и 2020 година; Извештај за реализацијата на судскиот буџет за 2019 и 2020 година |

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **3.3. СТРАТЕШКА НАСОКА: ИЗЕДНАЧУВАЊЕ НА ФОРМАТА НА ГОДИШНИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ, ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА, СС И СЈО** (НАСОКА 2.5.4 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| | 3.3.1 Напредок на процесот на ревидирање на методологијата за судска статистика | Не е објавена ревидирана методологија за судска статистика; со преглед на објавените годишни извештаи за работата на судовите можат да се согледаат разлики во нивната структура, а тие не содржат податоци за вредноста на индикаторите предвидени со методологијата (со исклучок на индикаторот за вкупен заостаток на предмети), како и за времетраењето на постапките според видови граѓански предмети, односно основи за кривични предмети и период на решавање, односно траење на одделни фази во постапките, исходи и мерки по кривичните предмети. | Веб-сајт на Министерството за правда; годишни извештаи за работата на судовите за 2020 година |

# 4. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **4.1. СТРАТЕШКА НАСОКА: КООРДИНАЦИЈА НА РЕФОРМАТА ВО ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР** (НАСОКА 3.1.1 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 4.1.1 Постоење на функционална единица или персонал во Судскиот совет и Министерството за правда за стратешко планирање, мониторинг и координација на реформата | Согласно Акцискиот план во рамките на Стратегијата се предвидува мерката Формирање на посебна единица во рамките на МП со цел координирање, следење и усогласување на сите реформски активности, што подразбира измена на правилникот за систематизација и организација на работни места на МП, а индикатор за успешно спроведена цел претставува формирана и функционална организациска единица во МП. Според објавениот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за правда (пречистен текст), на страницата на Министерството за правда, новата систематизација, што е со важност од 24.02.2021 година,[47] предвидува одделение за организација на правосудните органи и следење на реформата во правосудниот сектор, а такво одделение е предвидено и во претходните правилници за внатрешна организација на Министерството за правда. | Министерство за правда, објавени документи на интернет-страницата, како и одговор на барање за слободен пристап |
| | 4.1.2 Постоење на функционална единица или персонал во Судскиот совет и Министерството за правда за анализа и истражување | Според објавениот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за правда (пречистен текст), на страницата на Министерството за правда, новата систематизација што е со важност од 24.02.2021 година, предвидува одделение за организација на правосудните органи и следење на реформата во правосудниот сектор. Ова одделение за организација на правосудните органи и следење на реформата во правосудниот сектор, во чијашто надлежност, меѓу другото, е и водење на статистички податоци и изготвување анализи и статистички извештаи, прибирање и обработка на податоци за работата на судовите и јавните обвинителства е утврдено со Правилникот бр. 01-5602/1 од 31.12.2019 година, иако во помал обем беше утврдено и во претходниот правилник | Министерство за правда, одговор на барање за слободен пристап |
| | 4.1.3 Зачестеност на консултации за законски измени што директно влијаат врз правосудството | Најголем дел од судиите (42%) во 2020 и 39% во 2021 година и адвокатите (64%) во 2020 и 35% во 2021 година одговориле дека Владата често или понекогаш ги консултира кога станува збор за иницирање на законски измени што директно влијаат врз правосудството. За разлика од тоа, обвинителите најчесто одговориле дека ретко се консултирани. | Прва и втора анкета на судии, адвокати и јавни обвинители |
| | 4.1.4 Капацитет за ефикасно буџетирање на судовите и јавните обвинителства | Капацитетот за ефикасно буџетирање од страна на судовите, адвокатите и јавните обвинители најчесто (30% во 2020 година), односно 25,6% во 2021 го оценувале со оценка 4 на скала од 1 до 5, каде што 5 е најдобра оценка, а 26%, односно 25% во 2021 година дале средна оценка 3. Најниски оценки (1 и 2) дале 28% од испитаниците во 2020, односно 19% во 2021 година. | Прва и втора анкета на судии, адвокати и јавни обвинители |
| | 4.1.5 Промена во состојбата со стратешкото планирање и креирањето политики во секторот | Адвокатите и судските службеници најчесто одговориле дека од 2017 до 2020 година нема промена во состојбата со стратешкото планирање и креирањето политики во секторот (49% во 2020 и 52% во 2021 година и 37% во 2020 и 24% во 2021 година соодветно). Судиите најчесто оцениле дека состојбата е подобрена. | Прва и втора анкета на судии, адвокати и јавни обвинители |

47 Pravilnik za sistematizacija-juni 2015 (pravda.gov.mk)

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **4.2. СТРАТЕШКА НАСОКА: СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА** (НАСОКА 3.1.4 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| **ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА** | 4.2.1 Број на спроведени дебати со засегнати страни за резултатите од имплементацијата на стратегијата | Согласно Акцискиот план во рамките на Стратегијата се предвидува мерката Формирање тело предводено од Претседателот на Владата на РМ, кое преку редовни координации и следење на податоците добиени од МП и индикаторите од акцискиот план ќе придонесе на носење на соодветни заклучоци на владата за реализација на стратешките цели и насоки.<br>Во текот на 2018 година формиран е Совет за следење на имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022). Во 2019 година беа одржани пет седници на Советот за имплементација на стратегијата за реформи во правосудството, каде што претставници на засегнатите страни дебатираат за постигнатите резултати и носат препораки за идното спроведување на Стратегијата. Во 2020 година, поради состојбата со КОВИД-19, како и поради одржувањето на предвремените парламентарни избори и претходното функционирање со техничка влада, првата седница на Советот се одржа на крајот на декември 2020 година. | Министерство за правда, одговор на барање за слободен пристап |
| | 4.2.2 Број на препораки произлезени од дебатите за преземање на корективни мерки | Препораките што произлегуваат од Советот за реформа во правосудниот сектор се однесуваат на доследна примена на донесените законски решенија, надминување на пречките што придонесоа за доцнење на реализацијата на активностите што произлегуваат од Акцискиот план и Стратегијата, како и донесување на подзаконските акти од страна на Советот на јавни обвинители што се однесуваат на работата на јавните обвинители. | Министерство за правда, одговор на барање за слободен пристап |

# 5. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ПРАВОСУДНИ ИНСТИТУЦИИ

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **5.2 СТРАТЕШКА НАСОКА: САМОСТОЕН И ОДРЖЛИВ СУДСКИ БУЏЕТ, КОНЗИСТЕНТЕН НА ЗАКОНСКАТА ОПРЕДЕЛБА ОД БРУТО** (НАСОКА 2.1.6 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 5.2.1 Број на одржани дебати за оптимизација на судската мрежа | 0,29% од БДП во 2020 г., што е намалување во споредба со 0,31% од БДП во 2019 година | Министерство за финансии, макроекономски индикатори и податоци од извештаи за реализација на судскиот буџет за 2019 и 2020 г., консолидирани завршни сметки на судската власт за 2019 и 2020 година. |
| | 5.2.2 Број и имплементација на препораките за оптимизација на судската мрежа | Иако постои независен судски буџетски совет, сепак судството не успева да го оствари потребното ниво на финансирање. Како илустрација, во 2020 година конечно одобрениот буџет на судската власт е само 60% од бараното. | Извештај за реализација на судскиот буџет за 2020 година |
| | 5.2.3 Структура на судскиот буџет | Забележливо е доминантното учество на платите и надоместоците од плати: 81% во 2020 г., 72% во 2019 г. и 80% во 2018 година. Стоките и услугите во вкупниот буџет учествуваат со речиси 13%, што според Судскиот буџетски совет е недоволно за подмирување на сите потреби што произлегуваат од редовната работа на судовите. Во 2020 година е драстично намалено учеството на капиталните расходи – од 7,3% во 2019 г. на 3,1% во 2020 година. Капиталните расходи дури и на нивото од 2019 година беа оценети како недоволни од Судскиот буџетски совет. Се бележи и преполовување на трансферите од 7,8% во 2019 на 3,4% во 2020 година. | Извештаи за реализација на судскиот буџет за 2018, 2019 и 2020 година |
| | 5.2.4 Процент на покриеност на реалните трошоци за проведување на правдата од годишните судски буџети | Во 2020 година, конечно одобрениот буџет на судската власт е само 60% од бараното што се засновало на реалните потреби на единките-корисници на судската власт. Во 2019 г. овој индикатор изнесувал 66%, а во 2018 година оваа покриеност била 64%. | Извештаи за реализација на судскиот буџет за 2018, 2019 и 2020 година |
| | **Индикатор** | **Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци** | **Извор** |
| | **5.3. СТРАТЕШКА НАСОКА: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАДАРОТ ВО ЈАВНООБВИНИТЕЛСКАТА СЛУЖБА** (НАСОКА 4.1.3.6 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| | 5.3.1 Стапка на продуктивност | 122 решени кривични пријави по обвинител во 2020 г., наспроти 89 во 2019 г. и 104 во 2018 година. | Извештаи за работата на јавните обвинителства за 2018, 2019 и 2020 година |

ПРАВОСУДНИ ИНСТИТУЦИИ

# 6. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: КАЗНЕНО-ПРАВНА ОБЛАСТ

| Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|
| **6.1. СТРАТЕШКА НАСОКА: ПРАВИЛНО ПОСТАПУВАЊЕ СО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОДБРАНА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА** (НАСОКА 5.1.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| **ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА** | | |
| 6.1.1 Задоволство на странките во однос на можноста дадена од страна на судот на секоја од странките за презентирање на своите докази и да ги оспорува доказите на спротивната странка | Прва анкета – Дури 98% од испитаните граѓани (учесници во кривични постапки) сметаат дека е важно секоја странка да добие можност да ги презентира своите докази за случајот и да ги оспори тие на другата страна. 44% од испитаниците се најзадоволни или задоволни (дале оцена 5 или 4) од можноста за презентирање и оспорување на доказите што ја имаат, додека 34% се најнезадоволни или незадоволни (дале оцена 1 – најнезадоволни или 2).<br><br>Втора анкета – Околу 52% од испитаните граѓани се задоволни (оценка 5 и 4) од дадената можност пред судот да ги претстават своите докази, 20% се незадоволни, а 25% не се ниту задоволни, ниту незадоволни. | Прва и втора анкета со граѓани[48] |
| 6.1.2 Перцепција на странките за тоа колку судиите и обвинителите ги почитуваат правата на обвинетите и жртвите | Втора анкета – Околу половина од испитаните граѓани (49%) не се согласуваат или воопшто не се согласуваат дека судиите и обвинителите ги почитувале правата на обвинетите или оштетените. Повеќе од половина од испитаниците (51%) целосно или делумно се согласуваат дека правата на обвинетите биле почитувани. | Втора анкета со граѓани |
| 6.1.3 Перцепција на странките за тоа дали судовите ги третираат луѓето фер и непристрасно без оглед на приход, етничка припадност, социјално потекло, пол и религија | Прва анкета – 58% од испитаните граѓани целосно или делумно се согласуваат дека судиите се однесувале еднакво со луѓето независно од нивните примања, потекло, пол и религија, а 41% не се согласуваат со ова.<br>60% од испитаните граѓани се согласуваат дека судскиот персонал се однесувал еднакво со луѓето независно од нивните примања, потекло, пол и религија, а 40% не се согласуваат.<br>Втора анкета – Дека судиите се однесуваат еднакво (оценка 4 и 5) кон странките во судот сметаат 59,8% од испитаните граѓани. Слични се и оценките за судските службеници, за кои дека се однесувале еднакво со странките независно од нивните примања, потекло, пол и религија се изјасниле 62% од испитаните граѓани. | Прва и втора анкета со граѓани |
| 6.1.4 Перцепција на странките за тоа дали жените кои се жртви на сексуално и друго родово насилство се третирани фер од судовите | Прва анкета – Во однос на правата на учесниците во постапката испитувавме и колку тие се почитуваат во предмети за сексуално и друго родово насилство. Дури 53% од адвокатите и обвинителите работеле на вакви предмети. Испитаниците кои работеле на вакви предмети беа дополнително прашани дали се согласуваат дека жените кои се жртви на сексуално и друго родови насилство се третирани фер во постапката. Најголем дел од нив, 62%, целосно се согласуваат дека жените биле третирани фер во постапката. 38% делумно се согласуваат.<br><br>Втора анкета – Анкетираните адвокати и јавни обвинители, од кои 72% сметаат дека жените жртви на насилство се фер третирани во текот на постапките. Од нив, 36% целосно се согласуваат, додека 36% делумно. 67% од анкетираните адвокати не се изјасниле за ова прашање. | Прва и втора анкета со адвокати и јавни обвинители |

48 Во однос на овој индикатор беа издвоени одговорите на граѓаните кои учествуваат во кривични постапки како странки во постапката.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **6.1. СТРАТЕШКА НАСОКА: ПРАВИЛНО ПОСТАПУВАЊЕ СО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОДБРАНА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА** (НАСОКА 5.1.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 6.1.5 Перцепција на странките за почитувањето на презумпцијата за невиност | Прва анкета – 40% од испитаните граѓани се целосно или делумно задоволни од почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на судот, а 36% се незадоволни, додека 14% не се ниту задоволни ниту незадоволни.<br>30% од испитаните граѓани се задоволни од почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на јавното обвинителство, а 39% се незадоволни, додека 8% не се ниту задоволни ниту незадоволни.<br>19% од испитаните граѓани се задоволни од почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на медиумите, а 50% се незадоволни, додека 10% не се ниту задоволни ниту незадоволни.<br>Втора анкета – Граѓаните во анкетата се изјасниле дека речиси еднакво се задоволни од тоа како се почитува презумпцијата на невиност од страна на судот, јавното обвинителство и медиумите. Тие ги оценуваа институциите со оценки на скала од 1 до 5, каде што 1 претставува најнезадоволни, а 5 најзадоволни. Сепак, граѓаните се најзадоволни од почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на судот, за што се изјасниле 50% од нив (оценето со оценки 4 и 5), малку помал дел од нив (42%) сметаат дека медиумите ја почитуваат презумпцијата на невиност, додека најмал дел од нив (39%) се задоволни од тоа како јавното обвинителство ја почитува презумпцијата на невиност | Прва и втора анкета со граѓани |
| | 6.1.6 Перцепција за тоа дали судиите се слободни да носат одлуки без директно или индиректно мешање на Владата или политичарите | Прва анкета – Најголем дел од адвокатите и јавните обвинители (47%) сметаат дека извршната власт често им се меша на судиите во судските одлуки, а 34% навеле дека тоа често го прават и пратениците.<br>Во најголем број, судиите навеле дека не се соочуваат со мешање при донесувањето на одлуките, и тоа од претседателот на судот (каде што 93% од испитаниците одговориле дека тоа се случува никогаш или ретко), граѓанските организации (каде што 83% од испитаниците одговориле дека тоа се случува никогаш или ретко), претставниците на други држави (каде што 80% од испитаниците одговориле дека тоа се случува никогаш или ретко) и претставници на меѓународните организации (каде што 81% од испитаниците одговориле дека тоа се случува никогаш или ретко). Во однос на другите чинители што се обидуваат да влијаат врз одлуките, 86% одговориле дека постојат такви.<br>Втора анкета – 73,2% од анкетираните судии сметаат дека никогаш или ретко други лица им се мешаат при донесување на одлуките. Истото мислење го делат 47,7% од јавните обвинители и 44,4% од адвокатите. Судиите (9,6%) сметаат дека понекогаш има мешање при донесување на одлуките, за што се изјасниле и 12,3% од јавните обвинители и 21,7% од адвокатите. Со „не знам“ и „немам одговор на ова прашање“ одговориле 17,2% од судиите, 38,5% од јавните обвинители и 18% од адвокатите. Интересно е дека 1,5% од обвинителите и дури 15,9 | Прва и втора анкета со адвокати, јавни обвинители и судии |

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **6.1. СТРАТЕШКА НАСОКА: ПРАВИЛНО ПОСТАПУВАЊЕ СО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОДБРАНА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА** (НАСОКА 5.1.2 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА МЕРКА/АКТИВНОСТ | 6.1.7 Број на планирани обуки за судии и јавни обвинители фокусирани на зајакнување на правата на одбрана и заштита на човековите права во кривичната постапка | Бројот на планирани обуки во 2020 година за судии и јавни обвинители фокусирани на зајакнување на правата на одбрана и заштита на човековите права во кривичната постапка изнесува девет и е ист како и планираните обуки за 2019 година. | Одговор од АСЈО на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| | 6.1.8 Број на реализирани обуки за судии и јавни обвинители фокусирани на зајакнување на правата на одбрана и заштита на човековите права во кривичната постапка | Бројот на реализирани обуки во 2020 година за судии и јавни обвинители фокусирани на зајакнување на правата на одбрана и заштита на човековите права во кривичната постапка изнесува осум, односно реализирани се ист број обуки како во 2019 година. Сепак, наквите теми се дискутирани и опфатени и на други обуки што ги организира АСЈО. | Одговор од АСЈО на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |

| Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|
| **6.2. СТРАТЕШКА НАСОКА: ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА** (НАСОКА 5.1.5 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | | |
| 6.2.1 Вкупен број деца на возраст од 14 до 18 години кои издржуваат заводска мерка во воспитно-поправен дом подолго од една година | Заклучно со февруари 2020 година три деца на возраст од 14 до 18 години кои издржуваат заводска мерка во воспитно-поправен дом подолго од една година во Воспитно-поправен дом – Тетово. | Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Управата за извршување санкции |
| 6.2.2 Вкупен број деца на возраст од 14 до 18 години кои издржуваат заводска мерка во воспитно-поправен дом подолго од три години | Заклучно со февруари 2020 година нема деца на возраст од 14 до 18 години кои издржуваат заводска мерка во воспитно-поправен дом подолго од три години во Воспитно-поправен дом – Тетово. Од февруари 2020 година заклучно со февруари 2021 година само едно дете на возраст од 14 до 18 години издржува заводска мерка во воспитно-поправен дом подолго од три години. | Одговори на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Управата за извршување санкции |
| 6.2.3 Вкупен број млади на возраст од 18 до 23 години кои издржуваат заводска мерка во воспитно-поправен дом подолго од три години | На испратеното барање испратено до УИС,[49] што гласеше „Вкупен број млади на возраст од 18 до 23 години кои издржуваат заводска мерка во воспитно-поправен дом подолго од три години“[50] , беше одговорено дека вкупно три деца на возраст од 14 до 23 години извршуваат мерка во Воспитно-поправниот дом – Тетово подолго од една година заклучно со февруари 2020 година. На второто барање за слободен пристап[51] беше одговорено дека вкупно две деца на возраст од 18 до 23 години издржуваат заводска мерка во воспитно-поправен дом подолго од три години. | Одговори на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Управата за извршување санкции (УИС) |
| 6.2.4 Вкупен број деца-жртви на кривични дела кои добиле бесплатна правна помош во текот на годината | Согласно член 39 став 1 од Законот за бесплатна правна помош,[52] предвидено е дека „одредбите од овој закон за правилата на постапката за одобрување на секундарна правна помош не се применуваат во обезбедувањето на правна помош на дете согласно одредбите на Законот за правда за децата“. Во став 2 од истиот закон е наведено дека „кога правната помош се дава на деца во постапките пред центарот за социјална работа и Министерството за внатрешни работи во согласност со одредбите од Законот за правда за децата, Министерството има обврска само да врши исплата на доставениот трошковник од страна на адвокатот“. Согласно овие одредби до Министерството за правда се доставени 44 трошковници за 2020 година. Во постапките биле застапувани вкупно 13 деца. Едно дете е застапувано во 31 постапка, едно дете во две постапки и 11 деца во по една постапка. | Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Министерството за правда |

49 Барањето е испратено во февруари 2020 година.

50 Согласно член 46 од Законот за правда на децата, „Во воспитно-поправен дом детето останува најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа дополнително одлучува“. Поради ова сакавме да видиме колку од лицата кои издржуваат заводска мерка во воспитно-поправен дом спаѓаат во категоријата млади.

51 Барањето е испратено 25 март 2021 година.

52 „Службен весник на РМ“, бр. 101/2019 од 22.05.2019.

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **6.2. СТРАТЕШКА НАСОКА: ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА** (НАСОКА 5.1.5 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 6.2.5 Број и профил на слушатели на континуирана обука во АСЈО кои поминале обука за постапување со деца-жртви | Во 2019 година ваква обука во АСЈО поминале 8 судии, 12 јавни обвинители, 2 стручни соработници од судовите и обвинителствата и 15 претставници од Министерството за внатрешни работи.<br><br>Во 2020 година обуки кои се однесуваат на жртви во кои спаѓаат и деца жртви поминале вкупно 449 лица од кои 184 судии, 196 јавни обвинители, 33 службеници, 7 адвокати, 4 претставници на Министерството за внатрешни работи, 22 слушатели на почетна обука и тројца други учесници. | Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Академијата за судии и јавни обвинители |
| | 6.2.6 Број на одржани обуки во рамките на континуираната обука во АСЈО кои се однесуваат на постапување со деца-жртви | Во 2019 година се организирани две советувања.<br><br>Во 2020 година се организирани 17 обуки што се однесуваат на жртви во кои спаѓаат и деца-жртви. | Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Академијата за судии и јавни обвинители |

# 7. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ПРЕКРШОЧНО-ПРАВНА ОБЛАСТ

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| **7.1. СТРАТЕШКА НАСОКА: ПРЕВЕНЦИЈА НАСПРОТИ РЕПРЕСИЈА КАКО ОСНОВНА ЦЕЛ НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА** (НАСОКА 5.3.4 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 7.1.1 Учество на превентивни мерки (решение, едукација) наспроти репресивни мерки (глоба, порамнување, прекршочна пријава) во вкупниот број на изречени мерки по инспекциски надзор | Изменет е начинот на водење статистика од Инспекцискиот совет, па не може да се пресмета вредноста на индикаторот. | |
| | 7.1.2 Процент на предмети со покрената постапка за порамнување наспроти процент на предмети за кои е покрената прекршочна пријава | Изменет е начинот на водење статистика од Инспекцискиот совет, па не може да се пресмета вредноста на индикаторот. | |

# 8. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОБЛАСТ

| | Индикатор | Вредност во 2020 година и споредба со 2019 година, доколку има податоци | Извор |
|---|---|---|---|
| | **8.1. СТРАТЕШКА НАСОКА: ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СТАБИЛЕН ГРАЃАНСКО-ПРАВЕН СИСТЕМ ПРЕКУ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ПРАВНИ ПРАЗНИНИ И НЕГОВО УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ И СОВРЕМЕНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ТЕКОВИ** (НАСОКА 5.4.1 ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР) | | |
| ИНДИКАТОРИ ЗА СТРАТЕШКА НАСОКА | 8.1.1 Перцепција на странките за тоа дали судовите ги третираат луѓето еднакво без оглед на приход, национално или социјално потекло, пол или религија | Мнозинството од граѓаните-испитаници целосно или делумно се согласуваат дека судиите и судскиот персонал се однесувале еднакво со луѓето независно од нивните примања, национално или социјално потекло, пол или религија. Во 2019 година 63% имаат вакво мислење за судиите, а 64% за судскиот персонал. Во 2020 година 46,5% имаат такво мислење за судиите и 48% за судскиот персонал. | Прва и втора анкета на граѓани-странки во постапка |
| | 8.1.2 Задоволство на странките од можноста пред судот да ги презентираат своите докази и да ги оспорат тие на другата странка | 58% во анкетата спроведена во 2020 година и 41% во 2021 година биле релативно задоволни од тоа како им било овозможено да презентираат докази, 15% биле незадоволни, а 25% не биле ни задоволни ни незадоволни. | Прва и втора анкета на граѓани-странки во постапка |
| | 8.1.3 Задоволство на странките од тоа како судијата ги сослушал сведоците | 53% од испитаните граѓани кои учествувале во граѓанска судска постапка биле релативно задоволни од тоа како судијата ги сослушал странките во анкетата во 2020 година, додека во анкетата во 2021 година задоволството е малку покачено, односно 56% од граѓаните искажале релативно задоволство, додека 4% се незадоволни, а 25% не биле ниту задоволни ниту незадоволни, според резултатите во анкетата од 2021 година. | Прва и втора анкета на граѓани-странки во постапка |
| | 8.1.4 Задоволство на странките од времетраење на постапката | 45% од испитаните граѓани во 2020, односно 40% во 2021 година кои учествувале во граѓанска судска постапка не се задоволни од нејзиното времетраење. Како главна причина за незадоволство од времетраењето на постапката меѓу оние граѓани кои изразиле незадоволство се долгите временски периоди меѓу закажаните рочишта и честото одложување на рочиштата, и во двете анкети. | Прва и втора анкета на граѓани-странки во постапка |

ЕПИ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ